ИНГРА

Скопје
ул. Скупи 3А бр.40А, Скопје-Карпош
моб. +38978299173

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

## ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НЕКЛАСИФИКУВАНА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е3.1 – ЛОКАЛНИ ДЕПОНИИ ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД - ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**ЛОКАЦИЈА:**
**КП: ДЕЛ ОД 241,243,246/2,257,267 и цела, 242, 244, 245, 255, 256 КО ДЕЛЧЕВО, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**Тех.бр. 93-3/22** ИНГРА ДООЕЛ СКОПЈЕ

Септември, 2023

| | |
|---|---|
| Место: | КП: ДЕЛ ОД 241,243,246/2,257,267 и цела, 242, 244, 245, 255, 256 КО ДЕЛЧЕВО, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО |
| Договорен орган : | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ<br>СЕКТОРОТ ЗА ЦЕНТРАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ И СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ (CFCD |
| Корисник**:** | МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО |
| Имплементатор: | ЕСКАВАТОРИ-МК ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ |
| Предмет: | Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Делчево |
| Извршител: | ИНГРА ДООЕЛ Скопје |
| Адреса: | ул. Скупи 3А бр.40А, Скопје - Оптина Карпош |
| Е-маил: | ingra.inzenering@gmail.com |
| Работен тим: | Анче Димитриевска Толевска, диа. *Овластување бр:0.0102*<br>Ана Ѓорѓиевска, диа. *Овластување бр:0.0430* |
| Фаза: | Урбанистички Проект |
| Технички број: | 93-3/22 |
| Датумна изработка: | Септември , 2023 |

РАБОТЕН ТИМ:

*1.* Анче Димитриевска Толевска, диа. *Овластувањебр:0.0102*
*2.* Ана Ѓорѓиевска, диа. *Овластување бр:0.0430*

Управител:

Ана Ѓорѓиевска, диа

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0805-50/150020220144620

Датум и време: 3.6.2022 г. 12:06:42

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 03.06.2022 во 12:06:51
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

**/Електронски издаден документ/**

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 5106745 |
| **Целосен назив:** | Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање, изведување и инженеринг ИНГРА ДООЕЛ Скопје |
| **Кратко име:** | ИНГРА ДООЕЛ Скопје |
| **Седиште:** | СКУПИ ЗА бр.40 А СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ |
| **Вид на субјект на упис:** | ДООЕЛ |
| **Датум на основање:** | 10.2.1996 г. |
| **Деловен статус:** | Активен |
| ***Вид на сопственост:** | Приватна |
| **ЕДБ:** | 4030996145132 |
| **Потекло на капиталот:** | Домашен |
| **Големина на субјектот:** | мал |
| **Организационен облик:** | 05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице |
| **Надлежен регистар:** | Трговски Регистар |

| ОСНОВНА ГЛАВНИНА | |
|---|---|
| **Паричен влог EUR:** | 0,00 |
| **Непаричен влог EUR:** | 5.305,00 |
| **Уплатен дел EUR:** | 5.305,00 |
| **Вкупно основна главнина EUR:** | 5.305,00 |

| СОПСТВЕНИЦИ | |
|---|---|
| **Име и презиме/Назив:** | АНА ЃОРЃИЕВСКА |
| **Адреса:** | БЛАГОЈА СТРАЧКОВ бр.6 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |
| **Тип на сопственик:** | Содружник |
| **Паричен влог EUR:** | 0,00 |
| **Непаричен влог EUR:** | 5.305,00 |
| **Уплатен дел EUR:** | 5.305,00 |
| **Вкупен влог EUR:** | 5.305,00 |

| ДЕЈНОСТИ | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 41.20 - Изградба на станбени и нестанбени згради |
| **ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС** | |
| **Евидентирани се дејности во надворешниот промет** | |

| ОВЛАСТУВАЊА | |
|---|---|
| **Овластени лица** | |
| **Име и презиме:** | АНА ЃОРЃИЕВСКА |
| **Адреса:** | БЛАГОЈА СТРАЧКОВ бр.6 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |
| **Овластувања:** | управител, дипломиран архитект |
| **Тип на овластување:** | Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет |
| **Овластено лице:** | Овластено лице |

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **КОНТАКТ** | |
| **E-mail:** | ingra@t-home.mk |

**Напомена:**
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

**Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 16 став (2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерството за транспорт и врски издава

# ЛИЦЕНЦА

## ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

**Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање, изведување и инженеринг ИНГРА ДООЕЛ Скопје**
**Скупи 3А бр.40 А Скопје-Карпош, Карпош**
**ЕМБС: 5106745**

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ И РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

**ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: 14.03.2024 година**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ СКОПЈЕ

**Број: 0096**
**24.07.2019 година**
(ден, месец и година на издавање)

**МИНИСТЕР**

**Горан Сугарески**

Врз основа на Законот за Урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, бр. 32/20 и 111/23), а во врска со изработка на **Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Делчево Општина Делчево**, ИНГРА ДООЕЛ Скопје го издава следново:

# **Р Е Ш Е Н И Е**

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ

За изработка на Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Делчево, со технички број 93-3/22, како изработувачи се назначуваат:

Планер потписник :

- Анче Димитриевска Толевска, диа.

Планер:

- Ана Ѓорѓиевска, диа.

Планерите се должни Урбанистичкиот Проект да го изработат согласно Законот за Урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, бр. 32/20 и 111/23), како и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

**Управител,**
Ана Ѓорѓиевска,диа.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

## ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

## АНЧЕ ДИМИТРИЕВСКА ТОЛЕВСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0102**

Издадено на: 28.10.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.) Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

## ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

## АНА ЃОРЃИЕВСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0430**

Издадено на: 14.12.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Делчево

**ВОВЕД**

Предмет на оваа проектна програма е Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Делчево која е дел од Проектот ИПА 2 „Затворање на депонии и депонии кои не се усогласени во источниот регион“ (ЛОТ1).

Изборот на оваа локација е определена на местото на Постоечката нестандардна депонија е лоцирана на североисточната страна од градот Делчево, на локалниот пат кон каменоломот, на оддалеченост околу 5km од центарот на градот. Постоечката депонија е лоцирана на стрмен терен на местото на стар каменолом. Во близина не се детектирани посточеки водотеци. Во околината се изведуваат земјоделски активности во мал обем.

Населението кое се опслужува со оваа депонија е околу 13000 жители. Според МЖСПП, оваа депонија е оценета како депонија со среден ризик.

Проектната програма треба да овозможи изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Делчево , каде ќе се направи затворање на постоечката депонијата со реобликување на депониското тело и пасивен систем за собирање на гас. Во рамките на предвидените активности вклучено е реобликување на депониското тело со прифаќање на отпадот и од 5-те мали диви депонии и пасивен систем за собирање на гас составен од слој од чакал за дренирање на гас, како и проектирање и изведба на ободен канал за зафаќање и одведување на површинските атмосферски води од депониското тело. Исто така вклучено е и изведба на ограда околу депонијата со влезна порта и рекултивирање на површините од кои е ископан отпад со насопување на хумус и семе за затревување.

Урбанистичкиот проект вон опфат на Урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Делчево се изработува врз основа на услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, а ќе се уреди намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на депонијата во рамките на локалитетот.

## 1. ПОДРАЧЈЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Просторот кој е предмет на изработка Урбанистичкиот проект вон опфат на Урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Делчево зафаќа дел од парцелите 241,243,246/2,257,267 и цела, 242, 244, 245, 255, 256 КО ДЕЛЧЕВО, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО со својата местоположба припаѓа на територијата на КО Делчево, административно припаѓа на Општина Делчево.

Границите на проектниот опфат се следните:

На северо исток и на југ навлегува во КП дел од 241,243,246/2,257,267 и цела, 242, 244, 245, 255, 256 КО ДЕЛЧЕВО, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

На Северозапад се граничи со КП 246/1. На Југоисток се граничи со КП 272, КП 268 и КП 269.

Предмениот опфат ги опфаќа целосно парцелите: КП 245, КП 255, КП 256 и КП 244

Границата на опфатот формира површина од 24603.78$м^2$ (2,46 ха)

Проектниот опфат е означен со координатите по x и y за детални точки што ја формираат локацијата и тоа:

| | y | | x | | | y | | x | | | y | | x |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 7648858.21 | | 4652239.40 | | 44 | 7648793.47 | | 4652027.37 | | 87 | 7648847.05 | | 4651996.34 |
| 2 | 7648815.67 | | 4652224.02 | | 45 | 7648793.48 | | 4652026.85 | | 88 | 7648849.53 | | 4651997.74 |
| 3 | 7648809.75 | | 4652178.97 | | 46 | 7648793.38 | | 4652025.80 | | 89 | 7648850.28 | | 4651997.92 |
| 4 | 7648805.70 | | 4652170.85 | | 47 | 7648793.12 | | 4652024.75 | | 90 | 7648854.01 | | 4651998.83 |
| 5 | 7648801.64 | | 4652162.72 | | 48 | 7648792.70 | | 4652023.67 | | 91 | 7648857.75 | | 4651999.74 |
| 6 | 7648799.21 | | 4652159.89 | | 49 | 7648792.15 | | 4652022.54 | | 92 | 7648859.62 | | 4652000.19 |
| 7 | 7648798.48 | | 4652158.24 | | 50 | 7648791.49 | | 4652021.40 | | 93 | 7648860.58 | | 4652000.42 |
| 8 | 7648797.46 | | 4652155.74 | | 51 | 7648790.78 | | 4652020.23 | | 94 | 7648860.91 | | 4652000.52 |
| 9 | 7648796.99 | | 4652154.46 | | 52 | 7648789.31 | | 4652017.85 | | 95 | 7648861.52 | | 4652000.82 |
| 10 | 7648796.16 | | 4652151.89 | | 53 | 7648788.62 | | 4652016.62 | | 96 | 7648867.24 | | 4652003.63 |
| 11 | 7648795.79 | | 4652150.58 | | 54 | 7648788.03 | | 4652015.38 | | 97 | 7648868.67 | | 4652004.33 |
| 12 | 7648795.20 | | 4652147.95 | | 55 | 7648787.77 | | 4652014.74 | | 98 | 7648869.38 | | 4652004.68 |
| 13 | 7648794.80 | | 4652145.29 | | 56 | 7648787.56 | | 4652014.09 | | 99 | 7648869.62 | | 4652004.80 |
| 14 | 7648794.68 | | 4652143.95 | | 57 | 7648787.27 | | 4652012.76 | | 100 | 7648870.19 | | 4652005.30 |
| 15 | 7648794.61 | | 4652142.61 | | 58 | 7648787.21 | | 4652011.38 | | 101 | 7648871.02 | | 4652006.12 |
| 16 | 7648794.58 | | 4652139.94 | | 59 | 7648787.43 | | 4652010.00 | | 102 | 7648882.25 | | 4652014.68 |
| 17 | 7648794.63 | | 4652137.29 | | 60 | 7648787.90 | | 4652008.67 | | 103 | 7648890.55 | | 4652023.90 |
| 18 | 7648794.80 | | 4652132.00 | | 61 | 7648788.54 | | 4652007.39 | | 104 | 7648898.85 | | 4652033.11 |
| 19 | 7648794.79 | | 4652129.38 | | 62 | 7648789.26 | | 4652006.16 | | 105 | 7648903.50 | | 4652039.16 |
| 20 | 7648794.66 | | 4652126.79 | | 63 | 7648789.65 | | 4652005.55 | | 106 | 7648909.16 | | 4652046.52 |
| 21 | 7648794.34 | | 4652124.21 | | 64 | 7648790.08 | | 4652004.94 | | 107 | 7648924.27 | | 4652066.20 |
| 22 | 7648793.82 | | 4652121.65 | | 65 | 7648792.43 | | 4652003.17 | | 108 | 7648933.86 | | 4652080.32 |
| 23 | 7648780.26 | | 4652101.48 | | 66 | 7648794.56 | | 4652001.59 | | 109 | 7648936.42 | | 4652092.17 |
| 24 | 7648778.55 | | 4652099.55 | | 67 | 7648796.72 | | 4652000.04 | | 110 | 7648936.70 | | 4652093.71 |
| 25 | 7648777.82 | | 4652098.50 | | 68 | 7648798.91 | | 4651998.53 | | 111 | 7648936.86 | | 4652095.29 |
| 26 | 7648777.20 | | 4652097.35 | | 69 | 7648801.15 | | 4651997.07 | | 112 | 7648936.88 | | 4652096.88 |
| 27 | 7648776.97 | | 4652096.79 | | 70 | 7648803.45 | | 4651995.69 | | 113 | 7648936.77 | | 4652098.47 |
| 28 | 7648781.42 | | 4652080.05 | | 71 | 7648805.81 | | 4651994.40 | | 114 | 7648936.53 | | 4652100.05 |
| 29 | 7648777.81 | | 4652057.81 | | 72 | 7648808.25 | | 4651993.21 | | 115 | 7648936.16 | | 4652101.58 |
| 30 | 7648777.81 | | 4652055.18 | | 73 | 7648810.78 | | 4651992.14 | | 116 | 7648935.67 | | 4652103.08 |
| 31 | 7648778.61 | | 4652052.76 | | 74 | 7648813.38 | | 4651991.21 | | 117 | 7648935.06 | | 4652104.50 |
| 32 | 7648779.60 | | 4652050.35 | | 75 | 7648816.03 | | 4651990.42 | | 118 | 7648934.36 | | 4652105.84 |
| 33 | 7648780.81 | | 4652047.93 | | 76 | 7648818.73 | | 4651989.81 | | 119 | 7648931.10 | | 4652111.24 |
| 34 | 7648782.24 | | 4652045.51 | | 77 | 7648821.45 | | 4651989.39 | | 120 | 7648929.79 | | 4652113.45 |
| 35 | 7648783.92 | | 4652043.08 | | 78 | 7648824.17 | | 4651989.17 | | 121 | 7648929.07 | | 4652114.81 |
| 36 | 7648785.78 | | 4652040.67 | | 79 | 7648826.89 | | 4651989.18 | | 122 | 7648923.32 | | 4652125.70 |
| 37 | 7648787.68 | | 4652038.27 | | 80 | 7648829.57 | | 4651989.43 | | 123 | 7648917.58 | | 4652136.59 |
| 38 | 7648789.51 | | 4652035.88 | | 81 | 7648832.21 | | 4651989.92 | | 124 | 7648916.55 | | 4652138.55 |
| 39 | 7648791.12 | | 4652033.53 | | 82 | 7648834.79 | | 4651990.64 | | 125 | 7648909.21 | | 4652142.94 |
| 40 | 7648792.39 | | 4652031.22 | | 83 | 7648837.31 | | 4651991.53 | | 126 | 7648889.75 | | 4652156.33 |
| 41 | 7648792.87 | | 4652030.08 | | 84 | 7648839.80 | | 4651992.59 | | 127 | 7648877.98 | | 4652170.97 |
| 42 | 7648793.05 | | 4652029.54 | | 85 | 7648842.24 | | 4651993.75 | | 128 | 7648869.52 | | 4652191.38 |
| 43 | 7648793.33 | | 4652028.44 | | 86 | 7648844.66 | | 4651995.02 | | 129 | 7648860.50 | | 4652219.53 |

## 2. СПЕЦИФИЧНИ ПОТРЕБИ И МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Во опфатот кој е предмет на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Делчево се планира формирање на градежна парцела и површина за градење на депонија , пасивен систем за собирање на гас составен од слој од

чакал за дренирање на гас , проектирање и изведба на ободен канал за зафаќање и одведување на површинските атмосферски води од депониското тело,изведба на ограда околу депонијата со влезна порта и рекултивирање на површините од кои е ископан отпад со насопување на хумус и семе за затревување.

Депонијата е наменета за одлагање на комунален отпад почнувајќи од 1989 година. Вкупниот волумен на депониран отпад до геодетското снимање изнесува 67373 $m^3$ . Реобликуваното тело на депонијата Делчево треба да има доволен волумен за депонираниот отпад и отпадот од 5 мали диви депонии како прва фаза, а предвиден е и дополнителен простор за одлагање на отпад во втора фаза. Вкупниот депониран отпад до комплетно затворање на депонијата ќе достигне 83029 $m^3$.

Пристапот до градежната парцела е од на североисточната страна од постоечкиот пристапен пат.

## 3. ОПШТИ И ПОСЕБНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНИРАЊЕТО И ПРОГРАМСКИТЕ СОДРЖИНИ ШТО ТРЕБА ДА БИДЕ ПРЕДМЕТ НА ПЛАНИРАЊЕТО

Изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Делчево претставува основен развоен документ, кој има крајна цел преку:

- заштита на јавниот интерес и сопственичкото право
- хармонизација на просторот
- рационално користење на земјиштето
- зголемување вредноста на земјиштето, недвижностите и другите вредни содржини во просторот
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот
- почитување и заштита на правото на човекот на работапочитување и валоризација на културното и градителското наследство
- вградување придружни содржини на основната наменска употреба на земјиштето
- вградување заштитни мерки
- почитување законски прописи во планирањето
- предвидување мерки за заштита и спасување

да ги утврди параметрите кои се потребни за изградба на објектите во опфатот, како и воедно да ги даде и насоките за изработка на Основни проекти за градбите за специфична наменска употреба на земјиштето за градежната парцела.

Програмските содржини на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, структурно се состојат од плански и од проектен дел.

Планскиот дел од урбанистичкиот проект се состои од графички и текстуален дел со нумерички податоци за проектните решенија и содржи: урбанистичко решение на опфатот, регулациско и нивелациско решение, површини за градење со градежни линии, максимална височина изразена во

метри, внатрешни сообраќајници, рампи, стационарен сообраќај и водови на инфраструктурата и други детални плански одредби.

Проектниот дел на урбанистички проект ги содржи идејните проекти за градбите во проектниот опфат од соодветните технички струки – архитектонската, градежната, електротехничката и машинската, во зависност од видот на предметните градби.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план освен плански и од проектен дел содржи и документациона основа на проектниот опфат со сите достапни податоци за постојната состојба што се релевантни за конкретниот проектен зафат и вид на градба.

## 4. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ:

### а). Општи барања

Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план ќе се изработува согласно член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. в. на РМ бр: 32/2020 и 111/23) по претходно обезбедени Услови за планирање , Планска програма одобрена од надлежниот орган, мислење од државните органи, институции и правни лица со јавни овластувања од членот 47 на истиот закон, врз ажурирана геодетска подлога на планскиот опфат .

На Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план задолжително треба да биде извршена стручна ревизија во согласност со чл. 48 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М, бр. 32/20 и 111/23) .

Содржината на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план треба да биде изработена согласно со членот 60, 61 и 62 од и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М, бр. 225/20 , 219/21 , 104/22 и 99/23).

При изработка на урбанистичкиот проект задолжително треба да се прибават потребните податоци и информации согласно со членот 47 од овој закон. Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија.

### б). Посебни барања

Намена на објектите
Во проектниот опфат се предвидува формирање на градежна парцела и изградба на обејкти со група на класа на намена, класа на намена и поединечна намена

Е- Инфраструктури
Е3.- Специјални некласификувани инфраструктури
Е3.1- Локални депонии за одлагање на неопасен отпад

Да се почитува постојната инфраструктурна мрежа и за истата да се

обезбеди заштитен коридор при планирање на површини за градба. При планирање на инфраструктурата да се почитува сопственоста на земјиштето при формирање на градежната парцела и овозможи пристап до истата.

Се предлага површина за градба и максимална висина на депонијата во новопредвидената градежна парцела за изградба на депониското тело одредени согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 225/20 , 219/21 и 104/22) , со цел да се обезбеди стабилност на депониското тело и вкупен волумен на отпад кој изнесува 83029 m3. Во првата фаза се депонира отпад 76571 m3, додека во втората фаза се депонира 6458 m3.

Постоечката депонија е лоцирана на стрмен терен на местото на стар каменолом. На депониското тело – прва фаза може да се изврши површинско заптивање без одлагање, со оглед дека втората фаза е физички одвоена. Површинското заптивање треба да се изврши како што е предвидено во Идејниот проект, односно со поставување и набивање на 2 слоеви од глина по 25cm и завршен почвен слој 50cm, над слојот за дренирање на гас. Површинското заптивање треба да се изврши веднаш без одлагање комплетно за прва фаза, за да се спречи продор на атмосферски води низ депониското тело и нивно мешање со исцедокот од разградувањето на отпадот, особено поради тоа што не е предвиден систем за собирање на исцедок. На овој начин ќе се заштити животната средина, особено подземните води и почвата од контаминација, што е и основната цел на ваквите проекти за затворање на нестандардни депонии за комунален отпад.

Просторот кој е наменет за идно одлагање на отпад (втора фаза) до исполнување на капацитетот е во рамките на постојната депонија со нанесување нови слоеви на отпад по вертикала, односно над постојниот отпад, со што се задржува проектираната косина со наклон 1V:2.5H.

Вкупната должина на оградата е ~650m, со влез од североисточната страна.

Хоризонталното решение е решено со правци и 14 кружни кривини со минимален радиус 12m. Вкупната должина на патот во границите на оградата изнесува 490m со ширина од 3,0м.

Вкупната должина на ободните канали за атмосферски води изнесува: Каналот 1 е со должина 304,36m , канал 2 со должина 184м и канал 3 со должина 224,3м.

Одлагањето на отпадот според проектираната состојба на депониското

тело е со набивање во слоеви по 30cm со минимум 6 поминувања со 40 тонски булдожер. Целта е добро набивање на депониското тело до финалната геометрија за да се избегне појава на нерамномерни слегања. Ископаниот отпад привремено ќе се одлага на растојание до 500m.

При дефинирање на површините за градење да се запазат растојанијата помеѓу површината за градење и границата на градежната парцела согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 225/20, 219/21 , 104/22 и 99/23).

Околу површината за градење на депонијата да се предвиди ободен канал за зафаќање и одведување на површинските атмосферски води од депониското тело пристапен пат и ограда околу депонијата со влезна порта

Не се планирани решенија за водовод , фекална канализација, електроенергетика, ПТТ инсталации, бидејки нема вработени лица.

Доколку при изведување на земјаните работи за изградба на депонијата , се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ 20/04 , 115/2007, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15 192/15 и 39/16), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 29 од Законот.

Составил:

Анче Димитриевска Толевска, диа. *Овластувањебр:0.0102*
Ана Ѓорѓиевска, диа. *Овластување бр:0.0430*

Одобрил:

Општина Делчево
Градоначалник

# ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. ГЕОГРАФСКА КАРТА
2. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НЕКЛАСИФИКУВАНА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е3.1 - ЛОКАЛНИ ДЕПОНИИ ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД - ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО




ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ=24603.78 м2

М=1:1000

0 5 10 20 50м

ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА | М=1:1000

*Изработил:*

**ИНГРА**
ДООЕЛ СКОПЈЕ

| | | |
|---|---|---|
| Планер потписник: | Инвеститор: | Општина Делчево, (имплементатор Ескаватори) |
| Анче Димитриевска Толевска,д.и.а.бр.0.0102 | Назив на УП: | УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НЕКЛАСИФИКУВАНА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е3.1 - ЛОКАЛНИ ДЕПОНИИ ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД - ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО |
| планер: Ана Ѓорѓиевска,д.и.а. бр.0.0430 | Локација: | КП: ДЕЛ ОД 241,243,246/2,257,267 и цела, 242, 244, 245, 255, 256 КО ДЕЛЧЕВО, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО |
| Управител: | Прилог: | ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА |
| дипл.инж.арх. Ана Ѓорѓиевска | Тех.бр. 93-3/22 | Мерка: 1:1000 / Дата: 09.2023 / Лист бр: 1 |

**ГЕО МОНД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ**

**ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ**

# Графички прилог - Скица од извршено спореДување

**Размер 1:1000**

К.О. ДЕЛЧЕВО




УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НЕКЛАСИФИКУВАНА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е3.1 - ЛОКАЛНИ ДЕПОНИИ ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД - ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ=24827.93 м2

M=1:1000

0 5 10 20 50м

| ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА | M=1:1000 |
|---|---|

**ИНГРА**
ДООЕЛ СКОПЈЕ

| | | |
|---|---|---|
| Планер потписник: Анче Димитриевска Толевска,д.и.а.бр.0.0102 | Инвеститор: | Општина Делчево, (имплементатор Ескаватори) |
| планер: Ана Ѓорѓиевска,д.и.а. бр.0.0430 | Назив на УП: | УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НЕКЛАСИФИКУВАНА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е3.1 - ЛОКАЛНИ ДЕПОНИИ ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД - ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО |
| | Локација: | КП: ДЕЛ ОД 241,243,246/2,257,267 и цела, 242, 244, 245, 255, 256 КО ДЕЛЧЕВО, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО |
| Управител: дипл.инж.арх. Ана Ѓорѓиевска | Прилог: | АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОЛОЖБА |

| Тех.бр. 93-3/22 | Мерка: 1:1000 | Дата: 09.2023 | Лист бр: 2 |
|---|---|---|---|